**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четвртото продолжение на Деведесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 мај 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 16,48 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по 92-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Орданчо Тасев, Љубчо Георгиевски, Славе Арсовски, Ванчо Георгиев, Љубе Бошковски, Никола Груевски и Петар Наумовски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Очигледно е дека имаме едно мнозинство од претходното гласање.

Можам да констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Минуваме на точка 11 - Предлог на закон за општа управна постапка.**

Претресот по текстот на Предлогот на законот е заклучен.

Ве потсетувам дека согласно член 98 став 5 од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува и со мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство на Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 89 пратеници, 87 гласале за, 1 воздржан и 1 против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака?

(Пратениците креваат рака).

Кој е против, молам да крене рака? (Нема).

Дали има некој воздржан? (Нема).

На седницата присуствуваат 21 пратеник кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство на Република Македонија. Од нив за Предлогот на законот гласаа 21 пратеник, нема против, нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за општа управна постапка.

Бидејќи, дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 92-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 16,52 часот).

ПЈ/МП 92 - 04